**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД**

**Vitup® D3 2000IU**
**30 желатински капсули**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Vitup® D3 2000IU** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Vitup® D3 2000IU** ?
3.Како да го земате/ употребувате **Vitup® D3 2000IU** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Vitup® D3 2000IU**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Vitup® D3 2000IU и за што се употребува?

**Vitup® D3 2000 IJ, капсули** е граничен производ кој содржи витамин Д3, наменет е за лица со хиповитаминоза на витамин Д, кај лица со ослабен и нарушен имунитет, кај лица со остеопенија, остеомалацијa, остеопороза, кај лица над 65 години години за да се спречат фрактури на коските, кај лица со дијабетес, со автоимуни, кардиоваскуларни и малигни состојби и кај лица со други нарушувања и состојби во кои е неопходна дополна на витамин Д3.

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Vitup® D3 2000IU

**Немојте да го земате/употребувате Vitup® D3 2000IU** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Vitup® D3 2000IU**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Vitup® D3 2000IU** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на Vitup® D3 2000IU**
Производот не треба да го земаат лица кои се преосетливи на која било од состојките на производот.

Производот не е наменет за лица под 18 -годишна возраст, лица со хиперкалцемија и хиперпаратироидизам.

Потребни се мерки на претпазливост кај лица на терапија со тиазиди, кардиотонични гликозиди, рифампицин, изонијазид, фенитоин и барбитурати.

Истовремена употреба со кортикостероиди може да го намали ефектот на овој производ. Прекумерната употреба може да предизвика несакани ефекти и неопходно е да се побара лекарска помош. Бремените жени и доилки треба да се консултираат со својот лекар пред да го користат овој производ.

Производот мора да се користи под медицински надзор.

Производот не е наменет за парентерална употреба

**Земање/употреба на други медицински производи**

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Vitup® D3 2000IU**

Возрасни: Да се испие една капсула дневно.

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Vitup® D3 2000IU**

Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Vitup® D3 2000IU**

Да се чува во оригинално пакување, заштитено од светлина и влага на температура до 25°C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

**Состав на граничен производ**

| Содржина на активни компоненти | 1 капсула | %НРВ* | 100,0 g |
|---|---|---|---|
| Витамин D3 (холекалциферол) | 50,0 µg | 1000 | 33,3 mg |

*НРВ – нутритивна референтна вредност

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

**Состојки:** рафинирано сончогледово масло, говедски желатин, глицерол, холекалциферол, прочистена вода

| **Нутритивни информации:** | **1 капсула** | **100,0 g** |
|---|---|---|
| Енергетска вредност (kJ / kcal) | 4,1 / 1,0 | 2.758,4 / 665,7 |
| Масти – вкупно (g) | 0,09 | 56,70 |
| Од тоа заситени масни киселини (g) | 0,01 | 9,03 |
| Јаглехидрати – вкупно (g) | 0,02 | 14,06 |
| од тоа шеќери (g) | 0,00 | 0,04 |
| Протеини (g) | 0,04 | 24,86 |
| Сол (g) | 0,00 | 0,15 |

**Изглед на граничен производ и пакување**

30 меки желатински капсули

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Бул. Кочо Рацин 14, 2000 Скопје, Р.С. Македонија

**Производител:**
CHC Curtis Health Caps Sp. z.o.o. Wysogotowo, Batorowska 52, 62-081 Przezmierowo, Полска, ЕУ за Galenika a.d. Београд, Р. Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ